**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-355/6**

**Скопје, 14.05.2009 година**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ**

1. Извршивме ревизија на финансиските извештаи (Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба) на втората фаза од Програмата за рационализација на менаџерскиот систем и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор (финансисирана под условите на договорот за одобрување на заем помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија), заклучно со 31 Декември 2008, како и финансиските извештаи заклучно со 24 Април 2009 година. Овие извештаи се одговорност на Министерството за здравство на Република Македонија. Оваа ревизија е извршена во согласност со договорот помеѓу Државниот завод за ревизија на Република Македонија и Министерството за здравство на Република Македонија. Одговорност на ревизорите е да дадат мислење за финансиските извештаи засновано на извршената ревизија.

2. Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните ревизорски стандарди, ревизорските стандарди на ИНТОСАИ, насоките на Светската банка и домицилната регулатива. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања, тестирања и докази во прилог на трансакциите и извршените обелоденување во финансиските извештаи. Ревизијата вклучува процена на сметководствените политики, важна процени направени од раководството на субјектот и давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

3. Примарна цел на ревизијата е да му овозможи на ДЗР да даде мислење дали финансиските извештаи на МЗ, кој се составен дел на овој извештај, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и дали направените трошоци се употребени во согласност со намените предвидени со Договорот за заем помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија.

4. Поради природата на програмата, материјалноста на направените трошоци во 2009 година, а во врска со договорот помеѓу Владите на Р. Македонија и Р. Италија и втората транша од заемот, го зголемивме опсегот на ревизијата за да ги испитаме сите трансакции направени до 24.04.2009 година. Треба да се има предвид дека финансиските извештаи за 2009 година ќе бидат подготвени на 31.12.2009 година.

5. Политиката на раководството на проектот (Програмата за рационализација на менаџерскиот систем и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор) е да ги подготви финансиските извештаи во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор. Според овие стандарди приходите се искажуваат во моментот кога се наплатени, а расходите се признаваат во пресметковниот период во кој е извршено плаќањето.

6. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за здравство на РМ (Програмата за рационализација на менаџерскиот систем и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор) во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор. Во сите значајни аспекти направените трошоци се употребени во согласност со намените предвидени со Договорот за заем помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија

Скопје, 13.05.2009 година **Овластен државен ревизор**

**Програма за рационализација на менаџерскиот систем и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор**

**Преглед на извори и употреба на средства**

| | Евра | | | Денари (000) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2008 | 2007 | 2009 | 2008 | 2007 |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | | | | | | |
| **Заем** | | | | | | |
| Состојба на почеток на годината | 1,440,816 | 1,582,285 | 0 | 88,466 | 97,152 | 0 |
| Прилив во текот на годината | 0 | 0 | 1,582,285 | 0 | 0 | 97,152 |
| **ВКУПНО ФИНАНСИРАЊЕ** | **1,440,816** | **1,582,285** | **1,582,285** | **88,466** | **97,152** | **97,152** |
| **ТРОШОЦИ НА ПРОГРАМАТА** | | | | | | |
| **Директни плаќања** | | | | | | |
| I **Набавка на медицинска опрема** | | | | | | |
| Siare Engineering International Group | 908,720 | 100,969 | 0 | 55,787 | 6,200 | 0 |
| Hospal Spa | 362,880 | 40,320 | 0 | 22,274 | 2,476 | 0 |
| | **1,271,600** | **141,289** | **0** | **78,061** | **8,676** | **0** |
| II **Останати трошоци** | | | | | | |
| Банкарска провизија | 360 | 180 | 0 | 22 | 10 | |
| | **360** | **180** | **0** | **22** | **10** | **0** |
| III **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,271,960** | **141,469** | **0** | **78,083** | **8,686** | **0** |
| IV Парични средства (на 24.04.2009) | 168,856 | 1,440,816 | 1,582,285 | 10,383 | 88,466 | 97,152 |
| **ВКУПНО (III + IV)** | **1,440,816** | **1,582,285** | **1,582,285** | **88,466** | **97,152** | **97,152** |

**Програма за рационализација на менаџерскиот систем и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 24 Април 2009, 31 Декември 2008 и 31 Декември 2007**

| | Евра | | | Денари (000) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009* | 2008 | 2007 | 2009 | 2008 | 2007 |
| **АКТИВА** | | | | | | |
| **Тековни средства** | | | | | | |
| Парични средства | 168,856 | 1,440,816 | 1,582,285 | 10,383 | 88,466 | 97,152 |
| Активни временски разграничувања | 1,582,285 | 1,582,285 | 1,582,285 | 97,152 | 97,152 | 97,152 |
| **Основни средства - опрема** | | | | | | |
| Основни средства | 1,413,429 | 0 | 0 | 86,769 | 0 | 0 |
| Аванси за основни средства | 0 | 141,469 | 0 | 0 | 8,686 | 0 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **3,164,570** | **3,164,570** | **3,164,570** | **194,304** | **194,304** | **194,304** |

* Заклучно со 24 Април 2009

| | 2009* | 2008 | 2007 | 2009 | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПАСИВА** | | | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | | | |
| Вишок на приходи за пренос во наредна година | 168,856 | 1,440,816 | 1,582,285 | 10,383 | 88,466 | 97,152 |
| Пасивни временски разграничувања ** | 0 | 141,469 | 0 | 0 | 8,686 | 0 |
| **Долгорочен долг** | | | | | | |
| Долгорочно задолжување во странство | 1,582,285 | 1,582,285 | 1,582,285 | 97,152 | 97,152 | 97,152 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **1,751,141** | **3,164,570** | **3,164,570** | **107,535** | **194,304** | **194,304** |
| **Деловен фонд** | 1,413,429 | 0 | **0** | 86,769 | 0 | 0 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **3,164,570** | **3,164,570** | **3,164,570** | **194,304** | **194,304** | **194,304** |

** Поради примената на буџетското начело на парично искажување салдото на оваа позиција ќе биде евидентирано на 31.12.2009